РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1269/4
23-07-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и член 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на продолжението на 50-тата седница одржано на 22.07.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од непознат подносител – група на жители на --------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1269/1 од 23.03.2021 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по истата.

Предметот со број 12-1269/1 од 23.03.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1269/1 од 23.03.2021 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител – група на жители на ---------.

Во пријавата се наведува дека истата се поднесува против Градоначалникот на општина -------- – -------------------- и се изразува сомневање дека истиот ја злоупотребува својата функција, а со тоа и службената должност како градоначалник, бидејќи дозволува, дава, дели, одобрува да се градат објекти во строгиот центар на -----------. Се наведува дека противзаконски дава земјиште на негови блиски луѓе и дозволува да се градат објекти без никакви документи, туку бидејќи се тоа негови луѓе кои за возврат ќе гласаат за него, како и дека има и такви од кои има земено поткуп во пари за да можат да градат во центарот на ----------------------. Во продолжение се наведува дека такви објекти кои се гледаат и од неговата канцеларија се: куќа на ---------------------- – куќа на 3 спрата со деловни простории; сендвичара на ---------------------- – нов објект цврста градба; автобуска станица – нов објект цврста градба. Во продолжение на пријавата се наведува и дека тој лично овие значајни објекти ги приклучил со струја, лично преку комуналното претпријатие ги приклучил со вода и канализација и тој лично со машина општинска им работел додека се граделе.

Подносителите на пријавата наведуваат дека го пријавуваат овој случај и случаите што им дава пари на свои луѓе дека нешто работеле за општината и со нив склучува договори на

дело и пере пари, како што се негови кумови, дедо по жена, роднини, партиски луѓе и други илјадници такви случаи и бараат истото да се провери.

По разгледување и проучување на наводите од пријавата, ДКСК констатираше дека нема доволно податоци со кои би се конкретизирале посочените градби врз основа на што би се побарале податоци и информации за натамошно постапување на ДКСК. Истото се однесува и на наводите за склучување на договори на дело, не се посочени конкретни лица и основи по кои се склучени договорите, а од друга страна е непознат подносителот како би се исконтактирал со цел да се добијат дополнителни податоци и информации. Оттаму, на седницата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**